Друштво за управување со проекти
ЕОС Е.Е ДОО
Бр. 05-220/21
23.09 2021 год
Скопје

Проекти
за реконструк.

Друштво за управување со проекти ЕОС Е.Е.

датум: 23.09.2021

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
MINISTRIA E SHËNDETËSISË
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено / E pranuar | 27-09-2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Единица / Njësia Org. | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera |
| 23 | 3316/19 | | |

**До,**
**ЕНЕРЏИ МЕИНТЕНЕНС СОЛУШНС ЕМС ДОО Скопје**
**Внимание на: г. Филип Андрески**
адреса: бул. „Климент Охридски" бр. 30-1, Скопје
**Копија до,**
**Министерство за здравство**
**Внимание на: г. Митко Танески и г. Љупчо Мијајлески**
адреса: ул. „50та Дивизија" бр. 14 1000, Скопје

**Договор :** **Замена на времени објекти од амбулантско-поликлиничка дејност на Здравствен Дом Скопје – Амбуланта Ѓорче Петров ;**

**Предмет :** **Информација и барање во врска со амбуланта Ѓорче Петров ;**

Почитувани,

На инсистирање на Изведувачот за монтажа на контејнерите, договорено беше да се испитаат контролни тела на 3 дена од бетонирањето на подната плоча за да се увиди дали јакоста на притисок на бетонот се развива според очекуваното, како би можеле да се организираат за монтажата. Сепак како **ГЛАВЕН УСЛОВ** за започнување со монтажата, беше доставата на сертификати за панелите, кои треба да бидат согласно **Основниот проект** и **Елаборатот за ППЗ** и доколку истите се одобрат да се започне со монтажа.

Сертификатите за модуларната амбуланта во Ѓорче Петров, до денес 23.09.2021 не се доставени до Надзорот.

Ве замолувам доколку се работи за истиот материјал како и за другите модуларни амбуланти, сертификатите во писмена форма да се достават до нас во најкус можен рок, како би можеле на писмено да се изјасниме околу истите.


**EOS E.E.**
SKOPJE | Mitropolit Teodosij Gologanov br. 59-2/1
P. + 389 2 3079517 ; + 389 2 3094788
www.eoseasteurope.com
Mail : info@eoseasteurope.com

Друштво за управување со проекти ЕОС Е.Е.

ЕОС Е.Е. ДОО Скопје

**Технички Директор**
Зоран Андонов

Друштво за управување со проекти ЕОС Е.Е ДОО Скопје

**Надзорен орган**
Бојан Голабоски, д.г.и.

БОЈАН ГОЛАБОСКИ
дипл.град.инж.
ГРАДЕЖНИШТВО
Б.2.
НАДЗОР 2390

Друштво за управување со проекти
ЕОС Е.Е ДОО
Бр. 05-220/23
27.09 2021 год
Скопје

Друштво за управување со проекти ЕОС Е.Е.

датум: **27.09.2021**

**До,**
**ЕНЕРЏИ МЕИНТЕНЕНС СОЛУШНС ЕМС ДОО Скопје**
**Внимание на: г. Филип Андрески**
адреса: бул. „Климент Охридски" бр. 30-1, Скопје
**Копија до,**
**Министерство за здравство**
**Внимание на: г. Митко Танески и г. Љупчо Мијајлески**
адреса: ул. „50та Дивизија" бр. 14 1000, Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
MINISTRIA E SHËNDETËSISË
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено E pranuar | 27-09-2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlëra |
| 23 | 3316/20 | | |

**Договор :** **Замена на времени објекти од амбулантско-поликлиничка дејност на Здравствен Дом Скопје – Амбуланта Ѓорче Петров ;**

**Предмет :** **Неусогласеност помеѓу основниот проект фаза архитектура и елаборатот за заштита од пожар ;**

Почитувани,

При разгледување на "**ОСНОВЕН ПРОЕКТ за замена на времените објекти од амбулантско-поликлиничка дејност на Здравствен дом Скопје – амбуланта Ѓорче Петров**" и Елаборат за заштита од пожар, експлозии и опасни материи за "**Замена на времени објекти од амбулантско-поликлиничка дејност на Здравствен дом Скопје-амбуланта Ѓорче Петров**" на локација КП 4471/1 КО Ѓорче Петров 3-Дексион, општ. Ѓ.Петров, Скопје воочено е <u>**неусогласување**</u> помеѓу основниот проект <u>ФАЗА Архитектура</u> и <u>Елаборат за заштита од пожар, експлозии и опасни материи</u>.

Имено во "<u>Елаборат за заштита од пожар, експлозии и опасни материи</u>", точка 5.2 (Степен на пожарна отпорност на објектот) стр. 22/28:

*Пожарната отпорност на составните делови од конструкцијата на објектот е:*
- *ѕидни и кровни панели (PUR) д=6см >1 ч*
- *преградни ѕидови >2 ч*
- *ПП врата >1 ч*
- *Армирано бетонска основа д=10см >3 ч*
- *Меѓукатна конструкција -префабрикувани елем. >1ч*

Предвидено е и секторирање на пожарот, точка 6.2 (Секторирање на просторот) стр. 22/28:

Друштво за управување со проекти ЕОС Е.Е.

*"Секој ПП сектор е издовоен со ѕидови отпорни на пожар 2ч и врати отпорни на пожар повеќе од 1ч. Делот за пациенти и за вработени во шесте павилјони се одвоени со ѕидови отпорни на пожар повеќе од 2ч, и ПП врати 1ч отпорни"*

Пожарната отпорност на деловите од конструкцијата е дадена во графичките прилози лист бр.2 и лист бр.3 од горенаведениот елаборат.

Во "ОСНОВЕН ПРОЕКТ за замена на времените објекти од амбулантско-поликлиничка дејност на Здравствен дом Скопје – амбуланта Ѓорче Петров" фаза Архитектура, предвидено е:

- **За кров**: префабрикувани еколошки кровни (PUR) панели (полиуретан) d=3.0cm, **истите не може да ги исполнат барањата за пожарна отпорност од 1 час,** потребно е да се заменат со панели исполнети со камена волна или слично.
- **За плафон:** префабрикувани еколошки кровни (PUR) панели (полиуретан) d=6.0cm, **истите не може да ги исполнат барањата за пожарна отпорност од 1 час**, потребно е да се заменат со панели исполнети со камена волна, огноотпорен гипс или слично.
- **За внатрешни и фасадни зидови:** префабрикувани еколошки кровни (PUR) панели (полиуретан) d=6.0cm, **истите не може да ги исполнат барањата за пожарна отпорност од 1 час и 2 часа**, потребно е да се заменат со панели исполнети со камена (минерална) волна или внатрешни ѕидови од огноотпорен гипс.
- **За внатрешни подови:** предвидено е исполна од екструдиран полистирен (EPS плочи), истиот е ви, **треба да се замени со тврдо пресована камена волна која не е горива.**

Завршната облога на подот **треба да биде слабо горлива, да не предизвикува смог и да не испушта токсични гасови при пожар, најниска класа према EN 13501 $B_{fl}$-s1, пожелна е класа $A_{fl}$.**

За иверката и осб плочите (слојот помеѓу завршниот под и исполната од екструдиран полистирен) треба да се **користат материјали кои се огноотпорни т.е со најниска на реакција на пожар, класа B или подобро, према EN 13501.**

- **За вратите:** Во проектот предвидени се врати од PVC профили, **истите не може да ги исполнат барањата за пожарна отпорност од 1 час,** потребно е да се заменат со метални огноотпорни врати од најмалку 60 минути (EI2 60). Ова посебно важи за вратите кои се користат за секторирање на пожарот.

ЕОС Е.Е. ДОО Скопје

**Технички Директор**
Зоран Андонов

**Надзорен орган**
Бојан Голабоски, д.г.и.



**EOS E.E.**
SKOPJE | Mitropolit Teodosij Gologanov br. 59-2/1
P. + 389 2 3079517 ; + 389 2 3094788
Mail : info@eoseasteurope.com
www.eoseasteurope.com

Друштво за управување со проекти
ЕОС Е.Е ДОО
Бр. 05-220/24
27.09 2021 год.
Скопје

EOS ee

Друштво за управување со проекти ЕОС Е.Е.

датум: **27.09.2021**

**До,**
**Министерство за здравство**
**Внимание на: г. Митко Танески и г. Љупчо Мијајлески**
адреса: ул. „50та Дивизија" бр. 14 1000, Скопје
**Копија до,**
**ЕНЕРЏИ МЕИНТЕНЕНС СОЛУШНС ЕМС ДОО Скопје**
**Внимание на: г. Филип Андрески**
адреса: бул. „Климент Охридски" бр. 30-1, Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
MINISTRIA E SHËNDETËSISË
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено E pranuar | 27-09-2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 23 | 3316 | 21 | |

**Договор :** **Замена на времени објекти од амбулантско-поликлиничка дејност на Здравствен Дом Скопје – Амбуланта Ѓорче Петров, Лисиче и Бутел ;**

**Предмет :** **Дополна на Допис бр. 05-220/23 од 27.09.2021 година со предмет: Неусогласеност помеѓу Основниот проект фаза Архитектура и елаборат за заштита од пожар ;**

Почитувани,

согласно дописот испратен на 27.09.2021 година, со наш архивски број. 05-220/23 и со предмет: Неусогласеност помеѓу Основниот проект – Фаза Архитектура и елаборат за заштита од пожари, како и согласно водените разговори на денешниот состанок (27.09.2021 година) во просториите на изведувачот ЕМС ДОО Скопје, констатирано е од страна на Надзорниот орган дека техничката документација не нуди ниту минимум стандарди за противпожарна заштита и Ве молиме за понатамошни насоки за реализација на **Замена на времени објекти од амбулантско-поликлиничка дејност на Здравствен Дом Скопје – Амбуланта Ѓорче Петров, Лисиче и Бутел,** дали ние како Надзорен орган треба да постапиме согласно Основниот проект по кој е склучен договорот за реализација на објектите, или истиот ќе биде изменет и дополнет во тек на градба ?

Во интерес на времето, Ве молиме за најбрз можен одговор.

Друштво за управување со проекти ЕОС Е.Е.

ЕОС Е.Е. ДОО Скопје

**Технички Директор**
Зоран Андонов

**Надзорен орган**
Јулија Атанасоска, д.и.а.

Dasa-Rägister
EN ISO 9001:2008
IQ-0607-13

QUASER CERTIFICAZIONI S.R.L.
BS OHSAS 18001:2007
UNI EN ISO 14001:2004

**EOS E.E.**
SKOPJE | Mitropolit Teodosij Gologanov br. 59-2/1
P. + 389 2 3079517 ; + 389 2 3094788
Mail : info@eoseasteurope.com

www.eoseasteurope.com

EMS

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
MINISTRIA E SHËNDETËSISË
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено E pranuar | 28.09.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| | | | |

ЕНЕРЏИ МЕИНТЕНЕНС СОЛУШНС ЕМС ДОО
бр. 03-151
28.09.2021 год.
СКОПЈЕ

**ЕНЕРЏИ МЕИНТЕНЕНС СОЛУШНС ДОО**
Бул.Св.Климент Охридски бр.30
1000 Скопје
Тел: +389 2 5512530; Факс: +389 2 3215 064
e-mail: todor.angjushev@energy-ms.com.mk

**ДО**

Друштво за управување со проекти ЕОС Е.Е.
Митрополит Теодосиј Гологанов бр.59-2/1
Копија до
Министерство за здравство
Ул. 50-та Дивизија бр.14, Скопје

Друштво за управување со проекти
ЕОС Е.Е ДОО Скопје

| Примено | 28.09.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Ед. | Број | Прилог | Вредност |
| | | | |

**Подносител:** ЕНЕРЦИ МЕНТЕНЕНС СОЛУШНС ЕМС ДОО Скопје со седиште на Бул. Свети Климент Охридски бр.30 Скопје, преставувана од управител Тодор Анѓушев

**Предмет:** Одговор на Допис 05-220/23 од 27.09.2021

Почитувани,

Ви благодариме за доставениот Допис 05-220/23.

Би сакале да нагласиме дека за наодите кои ги обработува вашиот допис 05-220/23 од 27.09.2021, ЕМС ДОО Скопје како совесен изведувач ве информираше Вас како Надзор и Инвеститорот Министерство за здравство на состанокот кој се одржа во нашите простории на 27.09.2021.

Актуелниот Елаборат за заштита од пожар, експлозии и опасни материи а кој треба да е изработен врз основа на Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи објавен во Сл. Весник на РСМ бр. 231 од 25.09.2021 сам по себе содржи недостатоци и недоследности. Но и Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи објавен во Сл. Весник на РСМ бр. 231 од 25.09.2021 во членот 28 недоволно блиску и прецизно ја обработува предметната проблематика, па дури и Елаборатот да бил целосно изработен согласно Правилникот повторно би содржел недостатоци.

Оттука, по консултација со еминентни стручни лица како што се професори на градежен факултет и во координација со меѓународни стандарди на кои упатува самиот Правилник, иако цениме дека Основниот проект во најголем дел ги задоволува стандардите за заштита од пожари, експлозии и опасни материи за класа на објекти во кои спаѓаат предметните објекти, сепак решивме да порачаме да се изработи нов Елаборат за заштита од пожар, експлозии и опасни материи кој би се изработил во рок од една недела а кој во координација со Надзорот и Инвеститорот би бил основ за подобрување на објектот.

Сите можни решенија кои би произлегле, ЕМС ДОО како Изведувач цени дека нема да влијаат на досега произведеното и срботеното на терен и не пречат за понатамошно одвивање на работите.

Со почит,

**ЕМС ДОО Скопје**

Тодор Анѓушев

Друштво за технички прегледи, испитување и анализа ЕНЕРЏИ МЕИНТЕНЕНС СОЛУШНС ЕМС ДОО СКОПЈЕ